# ПРАКТИКУМ

## *ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО*

Практикум за постапување во случаи на семејно насилство

Автори:

Софија Спасовска – Помошник-раководител на Секторот за социјална заштита, Министерство за труд и социјална политика

Лилјана Јаковчевска – Виш полициски советник, Министерство за внатрешни работи

Цена Чаловска – Началник на одделение, Министерство за внатрешни работи

Судија Зора Треневска – Основен суд – Скопје 2 Скопје, Граѓански суд

Спасенка Андонова – Јавен обвинител – Основно јавно обвинителство – Скопје

Судија Цветанка Периќ – Апелационен суд – Скопје

Лектура: Дејан Василевски

Издавач: Академија за обука на судии и јавни обвинители

Изработено со поддршка на УНДП во рамките на заедничката програма на Обединетите нации за Зајакнување на националните капацитети за превенција на семејно насилство, финансирана од Владата на Кралството Холандија и Фондот на Обединетите нации за елиминација на насилството врз жените.

Мислењата и гледиштата искажани во овој Практикум се мислења и гледишта на авторите и нужно не ги рефлектираат мислењата и гледиштата на Обединетите нации, УНДП или други релевантни организации.

# ПРАКТИКУМ

## *ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО*

Заедно против семејното насилство

Скопје, 2012

# Содржина

Акроними ........................................................................................ 6

Вовед ............................................................................................... 7

1. Проблемот со семејното насилство .................................................. 9

2. Правна рамка за регулирање на семејното насилство......................... 9

3. Надлежни институции релевантни за спречување и контрола на семејното насилство .......................................................................... 11

4. Систем на заштита од семејното насилство ...................................... 12

5. Начин на постапување на надлежните институции ........................... 14

5.1. Постапување на Министерството за труд и социјална политика во случаи на семејно насилство............ 14

5.2. Постапување на Министерството за внатрешни работи во случаи на семејно насилство................................................ 28

5.3. Постапување на Граѓанскиот суд во случаи на семејно насилство по поднесен предлог за заштита .............................. 40

5.4. Постапување на Јавното обвинителство по кривични пријави за семејно насилство .................................................. 50

5.5. Кривично-правна заштита на семејното насилство во судска постапка ............................................................... 62

6. Наместо заклучок ........................................................................ 70

7. Корисни информации .................................................................. 71

## АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| УНДП | – Програма за развој на Обединетите нации |
| РМ | – Република Македонија |
| ПМЗСН (ПМЗ) | – Привремени мерки за заштита од семејно насилство |
| МТСП | – Министерство за труд и социјална политика |
| ЦСР | – Центар за социјална работа |
| МЦСР | – Меѓуопштински центар за социјална работа |
| МВР | – Министерство за внатрешни работи |
| СВР | – Сектор за внатрешни работи |
| ПС | – Полициска станица |
| ОЈО | – Основно јавно обвинителство |
| НВО | – Невладина организација |
| КЗ | – Кривичен законик |
| ЗКП | – Закон за кривична постапка |
| КП | – Кривична пријава |

# Вовед

Идејата за изработка на еден ваков Практикум произлезе од заклучоците на работилниците наменети за јакнење на капацитетите на професионалните структури што постапуваат во случаи на семејно насилство, а коишто беа организирани од страна на Програмата за развој на Обединетите нации – УНДП – и Академијата за судии и јавни обвинители во рамките на Заедничката програма на Обединетите нации за Зајакнување на националните капацитети за превенција на семејно насилство, финансирана од Владата на Кралството Холандија и Фондот на Обединетите нации за елиминација на насилството врз жените.

Практикумот е наменет исклучиво за претставниците од државните институции кои работат на решавање и документирање случаи поврзани со насилство во рамките на семејството.

Практикумот може да послужи за базична обука на сите лица што се задолжени да постапуваат во случаите на семејно насилство.

Се надеваме дека неговата примена во пракса ќе биде од помош во подигнување на нивото на професионализмот и етиката на сите што се одговорни за спроведување на законот, за соодветен и професионален пристап и обезбедување на соодветен третман на жртвите на семејно насилство.

***Од авторите***

## 1. Проблемот со семејното насилство

Семејното насилство има различни форми, честопати последиците се видливи, но многу често тоа е скриено, притаено. Може да станува збор за физичко насилство, за сексуално насилство, за психолошко и економско насилство. Каква и да е формата на насилството, од него најмногу страдаат децата, жените и старите и изнемоштени лица.

Кога е во прашање проблемот со семејното насилство, Република Македонија е општество што последниве години се мобилизира и се организира за што поефикасно и попрофесионално да одговори на проблемот.

Секако, освен превенцијата, најдобар одговор може да се даде ако надлежните институции добро се организираат и меѓусебно соработуваат. Во таа насока е изготвен и Заеднички протокол за постапување на надлежните институции и невладиниот сектор во случаи на семејно насилство.

Тој е усвоен од страна на Националното координативно тело за превенција од семејно насилство со помош и поддршка од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во рамките на заедничкиот проект „Зајакнување на националните капацитети за превенција од семејно насилство“.

## 2. Правна рамка за регулирање на семејното насилство

Кривичниот законик на Република Македонија (РМ) под семејно насилство подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со коешто се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв кон брачниот другар, родителите, децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и кон

поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.

Законот за семејство под семејно насилство подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со коешто се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв кон:

- брачниот другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство;
- поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, вклучувајќи ги односите што настануваат со посвојувањето и старателството;
- браќа и сестри, полубраќа и полусестри;
- постарите членови во семејството или заедничкото домаќинство; и
- лица – членови на семејството или заедничкото домаќинство, чијашто деловна способност е делумно или целосно одземена.

Под блиски лични односи, во смисла на овој закон, се подразбираат лични односи помеѓу лица од различен пол кои се или биле во партнерски односи, а не живеат во вонбрачна заедница.

**Граѓанско-правната заштита на жртвата треба да обезбеди сигурност и заштита на жртвата од идно насилство, како и да создаде услови за нејзина интеграција во социјалната средина.**

Со измените и дополнувањето на Законот за семејство во 2004 година, семејното насилство се уредува со посебна глава, се дефинира што е семејно насилство, се утврдува мандатот за работа со жртвите на семејно насилство и постапување по однос на преземање на привремени мерки на заштита за жртвите и постапувањето на судот за изрекување на привремени мерки за заштита и предлог-мерки кон насилникот.

Со реформата на социјалната заштита од 2004 година е предвидено и формирање *Центар за лица жртви на семејно насилство*, што може да биде основан како установа или како организациски дел на соодветна установа. Центарот за лица жртви на семејно насилство обезбедува дневно и привремено прифаќање и згрижување на овие лица, што може да трае најмногу три месеци, со можност за продолжување за уште три месеци, а во исклучителни случаи за уште шест месеци.

Во 2006 година е утврдена конкретна надлежност за поединечни институции за извршување на изречени привремени мерки на заштита.

Во 2008 година се изврши усогласување на дефиницијата на семејно насилство со Кривичниот законик. Должност за известување на институциите и органите што преземаат дејства на заштита од семејно насилство до надлежниот центар за социјална работа е утврден на 72 часа од преземањето на дејството. Се дава дополнителна можност на жртвата освен посредно, преку Центарот за социјална работа, сама да поднесе предлог до судот за изрекување на Привремена мерка за заштита. Дадена е можност на здруженијата на граѓани да обезбедуваат некои од мерките за заштита на жртвите на семејно насилство.

## 3. Надлежни институции релевантни за спречување и контрола на семејното насилство

Ако сакаме успешна заштита од семејно насилство, неопходно е да се унапреди мултидисциплинарниот пристап и да се поттикнуваат жртвите да ги пријавуваат случаите на семејно насилство. Националната стратегија е токму така градена – таа се потпира на пет клучни столба, што во симбиоза функционираат во рамки на механизмот за постапување со жртви на семејно насилство, што, пак, се состои од четири дела – ***идентификација***, ***првична грижа***, ***реинтеграција и ресоцијализација*** и ***кривична постапка***.

**Кои се петте клучни актери?** Тоа се:

- Министерството за труд и социјална политика;
- Министерството за внатрешни работи;
- Министерството за здравство;
- Министерството за образование и наука; и
- Граѓанските организации.

За овие пет клучни актери да функционираат како совршен механизам беше потребно да се утврди **Заеднички протокол**, со што секој од актерите точно си го знае своето место во процесот, односно во дејствувањето.



## 4. Систем на заштита од семејното насилство

Во Република Македонија системот на заштита од семејно насилство го сочинуваат две компоненти:

- *Граѓанско-правниот систем на заштита* – со кој се регулирани привремените мерки со цел обезбедување на брза и сигурна заштита на жртвите од идно семејно насилство.

Надлежни институции што го реализираат **граѓанско-правниот систем** на заштита се центрите за социјална работа, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, **образовните институции**, **невладиниот сектор** и граѓанскиот суд.

- *Казнено-правниот систем на заштита* – чијашто цел е санкционирање на насилното однесување што се случува во рамките на семејството и построгата казнена политика, односно преку пропишаните построги казни за кривичните дела што се сторени при вршење на семејно насилство.

Надлежни институции што го реализираат казнено-правниот систем на заштита се **јавните обвинителства** и **кривичните судови во РМ**. Првичната заштита се остварува со поднесување записник за прием на кривична пријава до Министерството за внатрешни работи или до надлежното Основно јавно обвинителство што, во рамките на своите законски овластувања, мериторно одлучува и иницира постапка пред надлежен кривичен суд.



# 5. Начин на постапување на надлежните институции

## *5.1. ПОСТАПУВАЊЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ВО СЛУЧАИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО*

**Министерството за труд и социјална политика**, преку донесување на прописите од својата надлежност и следење на нивната имплементација, го воспоставува, развива и унапредува системот на заштита од семејно насилство, што го сочинуваат:

- Центрите за социјална работа (30);
- Центрите за жртвите на семејно насилство;
- Здруженија што спроведуваат одредени мерки на заштита;
- Советувалишта за психосоцијален третман за жртви на семејно насилство;
- Советувалишта за спроведување третман на извршители на семејно насилство.

### *5.1.1 Мандат на ЦСР*

ЦСР во рамките на своите надлежности ги врши следните работи во доменот на помош и заштита на жртвите на семејно насилство:

- Обезбедува стручна помош, поддршка и заштита на жртвата на семејно насилство;
- Презема мерки на заштита;
- Соработува со други надлежни институции;
- Соработува со НВО-секторот;
- Поведува постапка за изрекување на привремени мерки на заштита;
- Ги следи изречените ПМЗ;
- Води евиденција.

**Центарот за социјална работа, постапката за помош и заштита на жртвите на семејно насилство ја спроведува преку интердисциплинарна стручна работа, врши процена на мерките што треба да се преземат и изготвува стручна документација со цел надминување и запирање на семејното насилство, зајакнување на жртвата за надминување на доживеаното насилство и нејзина реинтеграција во социјалната средина.**

### *5.1.2 Поведување постапка*

**Во ЦСР постапката за обезбедување на стручна помош, поддршка и заштита на жртва на семејно насилство се поведува по добиено сознание за сторено семејно насилство (член 94-г од Законот за семејството).**

✓ Притоа, сознанието може да се добие преку **пријава** на случај на семејно насилство од:

- жртвата,
- близок сродник на жртвата, соседи, работна средина на жртвата,
- граѓанин,
- Министерството за внатрешни работи (МВР), врз основа на усно или писмено известување за сторено семејно насилство/службена белешка и соодветен поднесок,
- Министерството за здравство, по усно или писмено известување и доставена медицинска документација за повредите и насилството,
- Министерството за образование/училишта, градинки, известува за препознаено семејно насилство во рамките на својата установа,
- национална СОС-линија и НВО,
- единици на локална самоуправа,
- други институции.

✓ ЦСР, доколку сознанието за семејно насилство го добие при водење на други постапки од делокругот на својата работа (остварување право на парична помош од социјална заштита,

бракоразводна постапка, уредување односи родител-дете, работа со деца во ризик, старателство и др.), **по службена должност** треба да преземе мерки на заштита на жртвата на семејно насилство.

Кога пријавата е добиена преку **телефонско јавување**, без оглед на тоа дали јавувањето е од жртвата или лицата кои можат да пријават случај на семејно насилство, се евидентира во книга за евиденција во ЦСР. При ваква пријава, разговорот го извршува стручен работник кој притоа настојува да добие податоци потребни за процена на сериозноста, контекстот на случувањето и итноста на случајот. Телефонскиот разговор го води стручен работник кој работи на семејно насилство, односно дежурно стручно лице, доколку јавувањето се случи по завршување на работното време или во неработен ден. Дежурното стручно лице го евидентира повикот, а во случај на итност, случајот го пријавува на стручниот работник кој работи на семејно насилство, односно на раководителот на одделението во ЦСР, поради понатамошно постапување.

**Ако во случај кога првичното сознание за сторено семејно насилство се утврди дека се работи за итен случај**, што подразбира сериозна опасност и закана кон жртвата, потребно е координирано постапување помеѓу ЦСР и ПС. Ако ЦСР е прв известен за ваков настан, повикува полиција и бара нивна асистенција/интервенција. ПС го известува ЦСР, особено ако во семејството има малолетни деца, односно лица кои треба да се згрижат, по што стручниот тим/стручниот работник излегуваат на самото место заедно со службените лица од ПС. Доколку при увидот на самото место се утврди постоење на сериозни повреди кај жртвата, се повикува итна медицинска помош или жртвата се префрла до најблиската медицинска установа.

Кога се работи за особено вознемирена жртва, која се плаши да остане во домот, стручниот тим/стручните лица спроведуваат разговор со жртвата (во одвоена просторија) за да ги утврдат нејзините потреби и да укажат на мерките за заштита согласно Законот за семејство и потенцијалните ресурси за нејзино згрижување (роднини, пријатели, национална СОС-линија и засолниште и други расположливи ресурси).

Доколку жртвата сепак одлучи да остане во домот, се повикува во ЦСР поради преземање на понатамошни дејства за нејзина заштита и поддршка.
Стручните лица, во случај на итна интервенција кога сторителот се наоѓа во домот, со него одделно прават разговор, со цел да му се објаснат законските последици од стореното семејно насилство.

**Ако во постапка по пријавата/добиеното сознание се констатира дека не се работи за итен случај**, жртвата се повикува да се обрати лично во Центарот за социјална работа.

Во случај на усно пријавување случаи од страна на другите институции, (полиција, здравствена установа, училиште, НВО итн.), службеното лице е должно кон известувањето да ги достави сите документи (службена документација, известување за преземање дејства, изјави од сведоци итн.) до месно-надлежниот центар за социјална работа, согласно ***ПРОТОКОЛОТ ЗА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНО ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО***.

**Центарот за социјална работа има законска обврска за службено поведување постапка за заштита и помош на жртвата на семејно насилство кога ќе добие пријава или сознание за сторено семејно насилство.**

**Должноста за службено поведување постапка е особено потенцирана ако се работи за деца и лица со попреченост.**

**Обврска за пријавување сознание за семејно насилство е утврдена за граѓански лица и службени лица.**

**Службеното лице го пријавува случајот за семејно насилство во ЦСР и во рок од 72 часа ја доставува службената документација аз постапувањето.**

**Службените лица во ЦСР и ПС се должни координирано да постапуваат во итни случаи, кога постои сериозна опасност по жртвата, како и кога постои потреба од заштита и помош за дете или деловно неспособно лице.**

### *5.1.3 Првична процена*

Стручното лице/стручниот тим во ЦСР во третманот со жртвата на семејно насилство прават првична процена со цел да обезбедат соодветна и ефективна поддршка и помош на жртвата за да го надмине или за да го намали доживеаното насилство, како и да донесе одлука за преземање на понатамошни мерки и активности, достапни во системот на заштита. Успешното водење на оваа фаза од постапката зависи од спроведувањето на стручна советодавна и советувалишна работа и преземањето на сите потребни мерки и активности, особено преку:

- ✓ Стручно воден и структуриран разговор во работата со жртвата;
- ✓ Утврдување на контекстот на насилството и избор на мерки на заштита, соодветни на потребите на конкретниот случај;
- ✓ Утврдување на фактите и обезбедување докази за поднесување предлог за ПМЗ.

Стручното лице во текот на работата со жртвата презема интервенција во криза и обезбедува психосоцијална поддршка, во зависност од потребите на конкретниот случај, а со цел да се надмине првичниот стрес и да се обезбеди зачувување на интегритетот на личноста. Работата на стручното лице со жртвата се врши во посебна просторија, без присуство на трети лица, за да се овозможат дискреција, сигурност и непречена работа со жртвата. По потреба, разговорот го води стручниот тим, во зависност од спецификата на секој одделен случај.

**Во текот на работата со жртвата, стручното лице/стручниот тим најпрвин ја** информираат жртвата за мерките на заштита и привремените мерки за заштита, како и нејзините права од социјалната заштита согласно постоечката законска регулатива, по што жртвата сама одлучува дали ќе поднесе писмено барање за заштита.

**Првичната процена има за цел процена на потребите на жртвата за запирање на насилството и намалување на последиците на доживеаното насилство, процена на ризикот и прибирање податоци за случајот.**

За правилна процена на потребите од помош, поддршка и заштита на жртвата, од особено значење е разговорот со жртвата да се фокусира во насока на:

- Поттикнување за надминување на состојбата;
- Посветување време и активно слушање;
- Доверливост и почитување на самостојноста на жртвата во донесувањето одлуки;
- Верба во исказите на жртвата;
- Прифаќање на нејзините чувства на повреда и загрозеност;
- Поддршка во планирањето на идната сигурност.

Во оваа фаза од постапката може да се спроведе одделен разговор со сторителот на семејно насилство, но само со цел да му се укажува на законот и последиците од вршење на семејно насилство и да се утврдат факти за контекстот на случувањето и тежината на насилството. Работата со сторителот на насилство е на доброволна база, така што доколку сторителот не е подготвен да соработува, податоците ги обезбедува жртвата или други членови на семејството – домаќинството.

**Првичната процена се насочува и кон утврдување на ризикот од повторување на семејното насилство.** Во оваа насока, битно е да се утврдат видот на насилството, тежината на настанот и контекстот на случувањето, како и да се приберат информации и податоци, потребни за преземање мерки на заштита и предлагање на ПМЗ. Во фазата на првичната процена, стручните лица во ЦСР, поради утврдување на потребните мерки на заштита, обезбедуваат информации од МВР, здравствените институции, НВО, образовните институции, единиците на локална самоуправа и други лица и институции. Доколку жртвата претходно нема побарано лекарска помош, се упатува или, по потреба, се придружува до здравствената установа за добивање на медицинска интервенција и обезбедување на медицинска документација.

Во текот на третманот со жртвата на семејно насилство, првичната процена зависи и од подготвеноста на жртвата за надминување/прекинување на состојбата на насилство и во оваа насока од нејзината согласност за преземање Мерки на заштита (МЗ) и ПМЗ. Кога жртвата не е подготвена за преземање на конкретни мерки, се планира понатамошно продолжување на постапката преку советувалишна работа, во насока на нејзино јакнење и подготвеност за преземање на понатамошни мерки. Во секој случај, кога жртвата сè уште не е подготвена на промени, треба да ѝ се помогне да подготви **ПЛАН за евакуација и безбедност**.



Доколку третманот со жртвата почне веднаш по настанот на СН, можно е жртвата да се наоѓа во акутна кризна состојба. Оттаму, потребно е стручното лице да ги препознае ***карактеристиките на состојбата на криза кај жртвата***: состојба на загубена контрола и внатрешна рамнотежа, силна преплавеност со чувства, нагласена ранливост. Кај жртвата преовладува силно чувство на страв, тага, осуетеност, беспомошност, напнатост. Овие емоции кај жртвата предизвикуваат мисловниот тек да биде конфузен, перцепцијата на настанот можно е да биде изменета, блокирање при одлучување, намалена концентрација, заборавност. Однесувањето е дезорганизирано, проследено со бесмислени активности, телесен немир, тешкотии во спиењето, нагли промени на одлуките или комплетна пасивизираност, непреземање ништо.

Стручното лице кое работи со жртвата непосредно по насилството, покрај телесните повреди, често препознава и знаци на психолошко

насилство. Во период на криза поради ослабените механизми на одбрана, жртвата е отворена за психолошки интервенции и важно е да добие соодветна стручна помош и поддршка. Целта на разговорот со жртвата во криза е нејзино зајакнување, што не е давање совети, односно одлучување наместо жртвата, туку процес на давање помош што вклучува длабоко разбирање на индивидуалното искуство, олеснување на емоционалната напнатост, давање поддршка и структура при донесувањето одлуки и решавањето на проблемите. Психосоцијалниот третман во ЦСР има за цел да спречи влошување на состојбата, да ги ублажи психолошките, социјалните и телесните последици од насилството, да се забрза процесот на заздравување и воспоставување на вообичаеното ниво на функционирање.

Во случај кога стручното лице/стручниот тим во ЦСР ќе проценат дека на жртвата ѝ е потребна специјализирана стручна помош, ја упатуваат во советувалиште или во соодветна здравствена установа.

По оценка на стручното лице/стручниот тим во ЦСР се преземаат и непосредни увиди:

- Во семејната и социјалната средина на лицето жртва;
- Во семејната и социјалната средина на сторителот (доколку живеат одвоено);
- Со посета и на другите видови на социјална средина на сторителот (работно место, соседство, здравствена установа).

Врз основа на добиените информации во текот на постапката се преземаат следните дејства:

- Се составува записник за преземените дејства;
- Се земаат писмени изјави во постапката од: жртвата, сведоци и блиски лица, а кога е можно и од сторителот на насилството;
- Се прибираат докази и соодветна документација од другите институции што презеле дејства по конкретен предмет (ПС, здравствени установи, училишта, здруженија на граѓани и др.);
- Се изготвуваат наод и мислење на одделените стручни профили, како и наод и мислење со заклучок на стручен тим, во коишто се елаборираат сознанијата од фазата на процена.

Во оваа фаза на работа на конкретниот случај на СН, битно е да се наспомене дека мерките што се преземаат се водат одвоено од другите постапки што ги води ЦСР. Имено, оваа постапка има итен карактер и откако ќе се обезбеди престанување на семејното насилство, се продолжува со постапката за развод на брак доколку е иницирана или доколку жртвата донесе одлука за поведување. Во секој случај, се прави процена и за влијанието на контекстот на семејното насилство и во постапката за вршење на родителското право и уредување на личните односи на детето со другиот родител.

Стручните лица/стручниот тим во никој случај не треба да ги испитуваат наводите на жртвата, а особено не преку водење на одвоен или заеднички разговор со извршителот на насилството.

Постапка на советувалишна работа помеѓу партнерите во случај на СН е можна само ако жртвата тоа го бара и при постоење согласност и подготвеност на обата партнера.

**Процената се прави веднаш по пријавувањето на СН/сознанието за СН, за да се спречи евентуално понатамошно насилство.**

**Стручно водена постапка ја јакне довербата на жртвата во системот на заштита.**

**ЦСР треба да оствари соработка со други институции за да се обезбедат услови за координирана заштита. Во оваа насока, особено е важна соработката со НВО, каде што жртвите често првично се обраќаат, а особено поради продолжување на веќе преземените мерки.**

**Првичната процена треба да се однесува и на потребата за утврдување на фактите и прибирање докази за понатамошно процесуирање на предметот во обезбедувањето заштита, особено за изготвување предлог за изрекување на ПМЗ.**

### *5.1.4 Индивидуален план за работа*

Процената на потребите на жртвата е основа за изготвување на индивидуалниот план за работа во СЦР. Овој службен документ, стручното лице задолжително го изготвува и е важна алатка за структурирање на понатамошната постапка.

Изготвувањето на индивидуалниот план за работа од стручното лице бара:

- да ги утврди сите потребни мерки што треба да се преземат, при што треба да се поставаат приоритети за спроведување;
- да ги испланира редоследот, динамиката и времетраењето на преземањето на мерките и нивното спроведување преку конкретни дејства;
- потреба, начин и динамика на соработка со другите институции (училиште, здравствена установа, ПС, НВО) во извршување на мерките;
- начин на следење и оцена на мерките на заштита од страна на одговорниот стручен работник од центарот за социјална работа, без оглед на тоа дали мерките за заштита се спроведуваат од центарот за социјална работа или од друга соодветна установа, советувалиште и здружение на граѓани.

Стручното лице, при изготвувањето на индивидуалниот план, ја зема предвид подготвеноста на жртвата за преземање на мерките за заштита, како и нејзините предлози и потреби.
За иницирање постапка за изрекување на ПМЗ, жртвата дава предлог на мерки и согласност за поднесување предлог до судот од страна на ЦСР, во форма на писмена изјава.

Особено се планира начинот на кој ќе се заштитат децата, кои се секогаш жртви на насилство (најчесто индиректни жртви). По потреба, во зависност од тежината на случајот, за нив се изготвува посебен план за индивидуална работа.

Во Индивидуалниот план за работа, особено треба да предвиди и преземање на други мерки, за коишто ЦСР, како надлежен орган за старателство, има надлежност за преземање, согласно Законот за семејството (одземање на родителско право, одземање на деловна способност, поведување постапка за ставање под старателство, заштита на интересите на малолетните лица преку сместување во згрижувачко семејство или соодветна установа и др.). На овој начин, МЗ и преземањето и на други постапки по службена должност, во одредени случаи, можат да доведат до соодветна заштита на жртвата.

**Индивидуалниот план за работа овозможува континуитет и ефикасност во обезбедувањето на помошта, поддршката и заштитата на жртвата. Во индивидуалниот план се назначуваат МЗ што ќе се преземат истовремено, како и МЗ што ќе се преземат последователно.**

**Евидентиран предмет на семејно насилство се смета за активен сѐ додека постојат индиции дека семејното насилство може да се повтори.**

**Следењето на реализацијата на индивидуалниот план и неговото менување и неговото приспособување на потребите на конкретниот случај се основа за успешно обезбедување помош, поддршка и заштита на жртвата.**

### *5.1.5 Мерки на заштита*

Мерките на заштита обезбедуваат непосредна помош, поддршка и заштита на жртвата ако се преземат веднаш по случувањето на СН, кога интервенцијата е неопходна и целисходна.

Основна цел на мерките за заштита на жртвите на семејно насилство е на жртвата да ѝ се обезбедат непосредна помош и поддршка во зачувувањето на нејзиниот физички и психолошки интегритет, соодветно на потребите на жртвата. За таа цел, со Законот за семејство (член 94-г) е утврден сет мерки за заштита, што центрите за социјална

работа и здруженијата што обезбедуваат услуги од ваков тип се должни да ѝ ги овозможат на жртвата на семејно насилство.

**Со воведувањето мерки на заштита на жртвите на семејно насилство, се создаде обврска ЦСР нив да ги спроведува во одвоена постапка, така што јасно се става до знаење дека насилство во семејството помеѓу лицата кои се или биле во блиски семејни односи, вонбрачна заедница или партнерски односи, повеќе не е дозволено и допуштено.**

Во системот на граѓанско-правната заштита, како мерки на заштита предвидени се следните МЗ:

- **Нужно сместување;**
- **Обезбедување на соодветна здравствена заштита;**
- **Обезбедување на соодветна психосоцијална интервенција и третман и упатување во соодветно советувалиште;**
- **Доколку во семејството има дете кое е на редовно школување, помагање за продолжување на редовното образование;**
- **Известување на органот за прогон;**
- **Правна помош и застапување;**
- **Иницирање постапки пред надлежниот суд и преземање мерки што произлегуваат од односите помеѓу родители и деца;**
- **По потреба, поднесување предлог до судот за изрекување на привремена мерка за заштита; и**
- **Преземање на други мерки за кои ЦСР ќе оцени дека се неопходни за решавање на проблемот**.

Согласно Индивидуалниот план за работа, сместувањето на жртвата во центар за лица жртви на семејно насилство се презема во случај кога за лицето жртва на семејно насилство е утврдено дека постојат сериозна опасност и закана за животот и здравјето, а при отсуство на ресурси во семејната средина за прифаќање на жртвата и нејзините деца. Но, во овој случај, треба истовремено да се планира и преземање на други мерки за заштита, со што би се создале услови за што побрзо враќање на сместеното лице во неговата претходна средина.

За спроведувањето на МЗ, Законот за семејство дава надлежност и на здруженијата на граѓани, што притоа треба да се координираат и да го известат ЦСР за нивно спроведување.

При обезбедувањето на здравствената заштита, на жртвата ѝ се помага да го оствари правото на здравствено осигурување, односно здравствена заштита, а кога тоа не може да се реализира, ЦСР обезбедува еднократна парична помош.

**За обезбедување на правна помош и застапување се користи воспоставена мрежа на здруженија на граѓани кои се обучени за негово обезбедување. Воедно, правната помош на жртвите на СЕ се обезбедува и согласно Законот за бесплатна правна помош.**



За интеграција на жртвите на семејно насилство се имплементира посебна програма „Економско јакнење“ во рамките на Оперативниот план за вработување на МТСП. Оваа програма опфаќа мерки за:

- самовработување,
- субвенционирано вработување,
- обуки за доквалификација/квалификација.

Досега се опфатени вкупно 57 лица и тоа 28 лица во 2010 година и 29 лица во текот на 2011 година.

### *5.1.6 Привремени мерки на заштита*

Со воведување на **Привремените мерки за заштита** се воспостави основата на граѓанско-правниот систем за заштита на жртвите на семејно насилство (член 94е, Закон за семејство, 2004). Предлогот за изрекување на привремена мерка на заштита се заснова на утврдениот вид и степен на насилството, околности во кои се случило насилството и семејното опкружување, како и изборот на мерката со која се очекува запирање на понатамошното насилство и обезбедување заштита на жртвата.

**Притоа, стручното лице/стручниот тим треба да ја предложат мерката што ја сметаат за најсоодветна во конкретниот случај и да ја образложат во наодот/мислењето. Со овој начин се овозможува судот да стекне уверување за оправданоста на мерката.**

Овие мерки имаат за цел заштита на жртвите од идно насилство, а притоа не зависат и не се исклучуваат од кривично-правната заштита. Во оваа смисла, тие се третираат како паралелен систем на кривично-правната заштита. Нивното значење е особено од фактот што се преземаат веднаш по случувањето на СН и нудат заштита до завршување на кривичната или прекршочната постапка. Оттаму, доколку постојат сериозна повреда или серија од инциденти придружени со голем интензитет, привремените мерки за заштита и кривичното гонење заедно можат да постигнат најефикасни резултати.

Законот за семејството предвидува сет на привремени мерки за заштита што овозможуваат задоволување на различни видови потреби за заштита, независно дали се работи за нивно индивидуално или кумулативно изрекување. Притоа, поради успешно спроведување на постапката за изрекување на МПЗ, потребно е обезбедување на потребната документација што се доставува како прилог кон предлогот за изрекување, присуство на стручно лице/стручен тим на

рочиштето и следење на изречените ПМЗ со цел доставување предлог за укинување, продолжување или замена на изречената ПМЗ со некоја/некои други поради обезбедување на целта на заштитата на жртвата.

При предлагање на ПМЗ, ЦСР или жртвата треба точно да ги наведат податоците за спроведливост на мерката (адреса на извршителот, местото каде што се забранува приближување, наведување предмети што се бараат да се вратат, точно наведување на здравствената установа или советувалиштето каде што мерката треба да се спроведе и сл.).

**Судот треба да ги доставува сите изречени ПМЗ до ЦСР, без оглед на тоа дали е предлагач или предлогот го поднела жртвата. Ова е важно за ЦСР да може да ја изврши својата обврска за следење на извршувањето на изречената ПМЗ.**

**Кога подносител на предлогот до судот е жртвата, судот треба да побара од ЦСР известување за евентуални сознанија по случајот.**

## *5.2. ПОСТАПУВАЊЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ВО СЛУЧАИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО*

Согласно Националната стратегија за заштита од семејно насилство, усвоена од страна на Владата на Република Македонија, што претставува основен стратешки документ што има за цел утврдување на стратешките насоки и приоритети за спречување на овој вид насилство, како и утврдување на одговорните носители за нивно спроведување, Министерството за внатрешни работи, како едно од клучните министерства, има особено широк мандат за постапување:

- Постапување по пријави за извршено семејно насилство;
- Заштита на лицата жртви на семејно насилство;
- Спречување на насилството;
- Откривање на сторителите и иницирање постапка против нив;
- Превентивни активности.

**Надлежноста на полицијата произлегува од Законот за полиција, каде што во чл. 5 е наведено дека полициските службеници се должни да постапуваат за заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните. Спречување на вршење на кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на сторителите, како и преземање на други мерки за гонење на сторителите на тие дела, определени со закон. Како и за останатите дела, со овој Закон полициските службеници се обврзани за укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба и на полето на семејното насилство, што вклучува заштита на лицата жртви, откривање на сторителите и спречување на семејното насилство.**

Со цел успешно, ефикасно и навремено давање заштита на жртвите на семејното насилство, полициските службеници треба итно да постапуваат и да пристапат кон обезбедување на сите потребни докази што укажуваат на постоењето на кривичното дело, а коишто ќе послужат за поуспешно водење и спроведување на кривичната постапка.

### *5.2.1 Пријавување и постапување*

Пријавата за тоа дека е извршено кривично дело од областа на семејното насилство најчесто стигнува преку дежурниот полициски службеник во полициската станица. Пријавувањето може да биде на повеќе начини: телефонско јавување, непосредно пријавување од страна на жртва, од страна на роднини, пријатели, соседи или, пак, од лично забележување на полицискиот службеник. Начинот за тоа како е дојдена пријавата не треба да влијае врз професионалноста на дежурниот полициски службеник кој низ разговорот е должен да обезбеди колку што е можно повеќе информации и податоци за случајот, за неговата итност и неговата сериозност, со што би презел соодветни активности и мерки што се неопходни во моментот. Заради успешно, ефикасно, навремено, но и доследно и професионално извршување на работите и работните задачи, дежурниот полициски службеник треба:

- да го утврди времето на повикот,
- да обезбеди податоци за пријавителот/сторителот/жртвата,
- за тоа што, каде и кога се случил настанот и дали постои моментална опасност по здравјето и животот на некој,
- да утврди дали некој е повреден и дали има потреба од лекарска помош,
- да утврди дали има оружје и дали постои закана за негова употреба,
- да утврди дали има присуство на деца и дали има потреба од нивно засолнување,
- да направи опис на сторителот (изглед и облека), а во случај на напуштање на самото место, треба да се утврди насоката во која заминало и со што заминало (возило, мотор, пеш итн.).

**Сето она што е наведено претходно е од особено значење, пред сѐ, за заштита на жртвите, а, секако, погоренаведеното влијае и врз понатамошните активности и мерки што треба да ги преземе полицијата. Од тие причини, потребно е полицискиот службеник кој го прима повикот (особено кога пријавувањето е по телефон) да настојува комуникацијата да трае што е можно подолго, со цел обезбедување на повеќе информации за настанот што се случил, за потребата од неопходна и брза интервенција, со што би можел на најсоодветен начин да реагира на повикот, односно да ги преземе соодветните мерки – упатување на групата за интервенција на местото на настанот поради давање заштита на жртвите и спречување на насилството.**

### *5.2.2 Евидентирање*

Во книгата за дневни настани задолжително треба да се евидентира пријавениот настан, односно примениот телефонски повик, како и тоа какви активности и мерки по основа на пријавата биле преземени од страна на надлежните (полицијата), согласно стандардните оперативни процедури за постапување на полицијата во случаи на

семејно насилство заведени под бр. 18.1.3-49898 од 28 јули 2009 година.

- Во книгата за дневни настани се евидентира примениот повик;
- Кој го примил повикот;
- Кој излегол на интервенција;
- Природа на повикот (квалификација);
- Време на пријавата;
- Пријавител/генералии;
- Адреса;
- Телефонски број;
- Сторител;
- Опис на настанот – што се случило;
- Место на настанот;
- Дали е некој повреден и карактерот на повредата;
- Дали сторителот е приведен/задржан;
- Забелешка – преземени мерки.

**Доколку не се работи за итен случај, односно настанот се случил претходниот ден/претходните денови, полицискиот службеник треба да ја информира странката дека по основа на пријавата странката треба лично да дојде во подрачната полициска станица и да пријави за настанот што се случил. По однос на пријавата, полициските службеници се должни да ги преземат сите потребни активности и мерки, со цел расчистување на насилството.**

### *5.2.3 Излегување на самото место*

Излегувањето на самото место се реализира со присуство на најмалку двајца или повеќе полициски службеници (по можност од различен пол). Пред излегување на самото место, полициските службеници од страна на дежурниот полицаец треба да побараат/обезбедат основни информации и податоци за настанот што се случил, за тоа што се случило, каде се случило, дали насилникот е агресивен или, пак, дали поседува одреден предмет со кој може да посегне не само по животот

на жртвата, туку и по нивниот живот. Тоа им е неопходно поради навремено, безбедно, стручно и професионално пристапување кон мерките и активностите што треба да ги преземат.

Согласно стандардните оперативни процедури за постапување на полицијата во случаи на семејно насилство, полициските службеници неопходно е да ги обезбедат следните информации:

- Локација;
- Што се случило;
- Кој е присутен на местото на настанот;
- Информации за сторителот, дали бил осомничен и за какви кривични дела бил осомничен;
- Колкава е веројатноста осомничениот да даде отпор и дали поседува огнено или друг вид оружје;
- Да побараат засилување доколку има потреба;
- Да побараат информација за тоа дали претходно била изречена привремена мерка (мерки) за заштита од семејно насилство;
- Да обрнат внимание на тоа дали во домот се присутни деца и да преземат мерки за нивна заштита;
- Да го оддалечат сторителот подалеку од предметите со кои би можел да нападне/да се самоповреди;
- Визуелно да комуницираат со колегата/колегите;
- Да очекуваат можна реакција од страна на жртвата при приведување на сторителот.

**По пристигнувањето на самото место (доколку насилството сè уште трае), прво што треба да направат полициските службеници е да преземат мерки за заштита на жртвите на семејно насилство и спречување на насилникот во понатамошното вршење на насилството.**

**Доколку на местото на настанот бидат затекнати повредени лица на кои им е неопходна лекарска помош, полициските службеници се должни да им ја обезбедат потребната помош, а потоа да пристапат кон обезбедување на самото место на настанот и обезбедување на**

**доказниот материјал, сѐ до доаѓањето на увидната екипа што го презема и води увидот, го подига доказниот материјал, со цел негова понатамошна обработка поради водењето на судска постапка.**

**Доколку нема потреба од погоренаведеното, се пристапува кон обезбедување заштита на жртвите и извршување на првичен разговор со жртвата, сторителот и сведоците (доколку ги има), со цел утврдување на текот на настанот и елементите на постоење на кривичното дело.**
**Пожелно е првичниот разговор со жртвата и сторителот, што се врши на самото место, да се изврши одвоено – едниот полициски службеник да разговора со сторителот, а другиот со жртвата (се разбира, ако за тоа постојат објективни можности). За време на разговорот потребно е да се констатираат видливите повреди како на жртвата, така и на сторителот и да им се пренесе дека во полициска станица можат да дојдат и по изминати три до четири дена од настанот доколку забележат модринки или црвенило, со цел нивно фотографирање.**

Потоа, се пристапува кон обезбедување на предметите со коишто е извршено делото (до доаѓањето на увидната екипа).

Исто така, во текот на водењето разговор полициските службеници се должни да ја информираат жртвата за постоечките законски решенија, сервиси и услуги со коишто Р. Македонија располага во моментот во делот на заштита на жртвата, како и за мерките што ќе бидат преземени против насилникот. Во случај на потреба за згрижување и сместување на жртвата, полициските службеници треба да воспостават контакт со националните СОС-линии или, пак, со надлежниот Центар за социјална работа.

Исто така, полицискиот службеник е должен да ја информира жртвата за правото за поднесување предлог до судот за изрекување на Привремена мерка за заштита од семејно насилство.

На самото место полициските службеници вршат задолжителна проверка за присуство на оружје на местото на настанот. Доколку се

утврди дека постојат елементи на сторен прекршок или кривично дело, тоа веднаш привремено му се одзема, а во случај кога сторителот одбива доброволно да го предаде оружјето се обезбедува налог за претрес од надлежниот суд.

Во случај, пак, кога жртва на семејно насилство е малолетник кој не наполнил 14 години или, пак, лице со попреченост во психофизичкиот развој, задолжително се повикуваат инспектор по малолетничка деликвенција и претставник од надлежниот Центар за социјална работа, кои ќе се вклучат во расчистување на делото и ќе преземаат активности за негово понатамошно згрижување.



На самото место полициските службеници треба да го информираат и насилникот за мерките што ќе се преземат против него, со цел спречување на насилството, во согласност со нивните законски овластувања (предупредување, приведување, задржување).

За сите преземени активности и мерки од страна на полициските службеници задолжително се подготвува службена белешка, а за настанот/делото во рок од 72 часа полицискиот службеник писмено

треба да го извести надлежниот Центар за социјална работа за хронологијата на настанот.

По утврдувањето на елементите на кривична одговорност, полицискиот службеник е должен да поднесе Кривична пријава против сторителот на семејно насилство со сите докази со коишто располага во моментот.

Во врска со погоренаведеното, исклучок е кривичното дело Телесна повреда, чл. 130 од Кривичниот законик на РМ, што се гони по предлог на жртвата. Во овој случај, полицискиот службеник целокупниот материјал со којшто располага, вклучувајќи ја и изјавата на жртвата за повлекување на записникот, со Посебен извештај го доставува до ОЈО на негово понатамошно постапување/одлучување.

### *5.2.4 Насоки за водење разговор со жртвата*[1]

Пред почетокот на разговорот пожелно е да се обезбеди приватноста на жртвата со тоа што разговорот ќе се води во посебна просторија, одделно од насилникот, сведоците или, пак, други полициски службеници кои не се вклучени во работата.

Особено е важно пред да го почне разговорот со жртвата, полицискиот службеник да има предвид дека жртвата е повредена (психички растргната помеѓу растурање на семејството или продолжување на животот со насилникот), поради тоа таа има потреба од хуман и толерантен однос. Исто така, важно е кон жртвите да се однесуваме со почит, да им оставиме впечаток дека им веруваме, а не да им нанесуваме дополнителни трауми обвинувајќи ги за тоа дека тие се виновни за насилството што им се случило. Како професионалци, проблемот на жртвите треба да го третираме како сериозен, а не како банален.

---

[1] Види го Анексот 1 – Листа за процена на ризик (и идентификување дека лицето е жртва). Оваа листа за процена е преземена од Британскиот модел за соработка на локално ниво – МАРАК-модел. Таа може да ви послужи при процесот на идентификација на жртвите на семејно насилство.

На почетокот од разговорот, потребно е:

- да се земат генералии,
- да ѝ се остави време на жртвата да се смири доколку е видно вознемирена,
- да се утврди дали има потреба од медицинска помош,
- да ѝ се дадат можност и време хронолошки да го опише настанот,
- да ѝ се пренесе на жртвата дека полициските службеници се тука за да ѝ помогнат и да ја заштитат,
- да ја информираат жртвата за нејзините права и достапни услуги/сервиси за нејзина заштита, а во случај на потребно засолнување да се јават на националната СОС-линија **15 700 и 15 315**,
- да констатираат дали имало и други претходни инциденти,
- да обезбедат телефон за контакти со сведоците (ако ги имало).

**Полицискиот службеник кој го води разговорот со жртвите треба да биде добро подготвен за разговорот, да умее да биде добар слушател, да употребува поддржувачки техники на испрашување и да не постапува со недоверба кон нив, затоа што погрешниот приод на испрашувачот може да ја блокира жртвата, која најчесто чувствува срам, болка, вина, така што жртвата целосно ќе се затвори, а испрашувачот нема да добие одговор на потребните прашања, односно нема да биде во можност да ја утврди фактичката состојба.**

### *5.2.5 Насоки за водење разговор со сторителот*

За време на разговорот со сторителот, полицискиот службеник треба да биде крајно професионален при постапувањето, да го информира за сите негови права што му следуваат согласно Законот и да го извести за причините поради коишто е повикан или приведен во полициската станица. По информирањето, се пристапува кон:

- земање генералии,
- утврдување потреба од медицинска помош и за сторителот доколку тој се жали на повреди,

- избегнување на обвинувачки изјави, изрази и коментари,
- слушање на верзијата за хронологијата на настанот,
- фокусирање на прашањата: што, како, кога, а не на зошто,
- концентрирање на настанот, а не на причините за настанот,
- овозможување да каже дополнително што сам смета дека е потребно,
- утврдување на тоа дали имало претходни инциденти/историјат на домашно насилство,
- утврдување на тоа дали има закани дека ќе посегне врз животот на жртвата или други лица и дали поседува оружје,
- проверување на тоа дали против него имало изречено Привремена мерка (мерки) за заштита и дали таа е прекршена.

### *5.2.6 Насоки за изготвување на кривична пријава*

Времето на изготвување на Кривичната пријава треба да се сведе на колку што е можно пократок временски рок од пријавувањето до нејзиното проследување до ОЈО. Особено треба да се внимава на кривичното дело Телесна повреда, чл. 130, што се гони по предлог на жртвата, од причини што рокот за нејзино поднесување е три месеци.
Изготвување на Кривична пријава врз основа на обезбедените материјални докази од страна на инспекторот кој е вклучен во расчистувањето на кривичното дело извршено при вршење на семејно насилство:

- Консултација со ОЈО (по потреба, во зависност од случајот);
- Проследување на КП на евидентирање и обработка до Одделението за аналитика и документирање;
- Проследување на КП до ОЈО.

### *5.2.7 Евидентирање на пријавени и расчистени случаи*

Евидентирањето на сите пријавени случаи поврзани со семејно насилство несомнено е од големо значење за понатамошната обработка на податоците и статистиката што ни дава одговор на многу прашања: постоењето на проблемот, зачестеноста на семејното насилство, неговото препознавање, институционалниот пристап кон жртвите, сторителите, како и негово следење и превенирање.

Секој пријавен настан од областа на семејното насилство се евидентира во:

- Книга за дневни настани во ПС;
- Евидентирање на интервенции, поднесени прекршочни пријави, поплаки, евидентирање пријавител, жртва, сторител;
- Регистрирање на кривичната пријава и кривичните дела во уписникот на аналитика.

### *5.2.8 Привремени мерки за заштита од семејно насилство*

Привремените мерки за заштита од семејно насилство (ПМЗСН) се во рамките на граѓанско-правниот систем на Р. Македонија и по нив постапува граѓанскиот суд. Овие мерки се регулирани во членот 94-е од Законот за семејство.

Барањето за изрекување на ПМЗСН може да биде по предлог на Центарот за социјални работи, но и по предлог на жртвата. Без оглед на тоа кој е предлагачот, по изрекување на **Привремени мерки за заштита од семејно насилство**, полициските службеници се должни да постапуваат по нив. Од вкупно 11 ПМЗСН, 5 се во надлежност на Министерството за внатрешни работи, а тие се:

- ***Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство*** – се предлага/изрекува секогаш кога се има сознание дека е сторено семејно насилство и притоа постои реална опасност оти тоа може да се повтори.
- ***Забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин да комуницира со жртвата*** – се предлага/изрекува секогаш кога се има сознание дека извршителот го сторил семејното насилство со малтретирање, вознемирување, телефонирање, контактирање или на кој било друг начин на комуницирање и доколку постои опасност тоа да го повтори.
- ***Забрана да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место што редовно го посетува друг член од семејството*** – се предлага/изрекува

забрана за приближување на извршителот на семејно насилство до лицето жртва на семејно насилство, кога се има сознание дека постои реална опасност извршителот на семејното насилството да го повтори насилството.

- ***Отстранување од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од судот*** – се предлага/изрекува на извршителот кој сторил семејно насилство ако постои опасност дека без изрекување на оваа мерка тој повторно ќе стори насилство.
- ***Забрана да поседува огнено оружје или тоа да му биде одземено*** – се предлага/изрекува кога се има сознание дека извршителот на семејно насилство има огнено или друго оружје, поради заштита на сигурноста на лицето жртва на семејно насилство.

**По добивање на судското решение за изречена привремена мерка (мерки) за заштита од семејно насилство, полициските службеници имаат законска обврска да постапуваат по изречените мерки и нив да ги следат. Начинот на кој ќе го прават тоа е преку повикување со покана на тужениот на информативен разговор во простории на подрачната полициска станица. Доколку сторителот се јави на поканата, должни се да го предупредат и да му укажат на можните последици од прекршување на изречената мерка, но доколку одбие да се јави на поканата, сторителот не може да биде приведен, освен во случај кога ќе дојде до прекршување на мерката, односно кога ќе биде извршено кривично дело со коешто ќе бидат исполнети условите за негово приведување.**

**Во однос на привремената мерка „Отстранување на насилникот од домот“, во ситуација кога тој одбива доброволно да го напушти домот, полициските службеници, во соработка со Центарот за социјални работи, пристапуваат кон негово присилно отстранување.**

**Во однос на привремената мерка „Забрана за поседување на огнено или друго оружје или тоа да му биде одземено“, полициските службеници задолжително привремено му го одземаат оружјето и поведуваат управна постапка.**

### *5.2.9 Евидентирање на привремените мерки за заштита од семејно насилство*

Сите добиени Привремени мерки за заштита од семејно насилство се евидентираат во секторите за внатрешни работи и полициските станици од општа надлежност.

Во периодот на нивното времетраење еден примерок задолжително треба да има во дежурната служба во ПС, со цел запознавање на полициските службеници поради нејзино доследно следење.

Задолжените полициски службеници од надлежната организациска единица за криминалистички работи и водичот на безбедносен реон имаат обврска да ги следат добиените Привремени мерки за заштита од семејно насилство.

Во случај на прекршување на изречените привремени мерки (мерка) за заштита од семејно насилство, полицискиот службеник е должен писмено да ги извести надлежниот Центар за социјална работа и ОЈО само доколку со прекршувањето на мерката се утврдат елементи на кривично дело. Во тој случај се постапува согласно предвидените законски прописи, се поднесува кривична пријава или посебен извештај.

## *5.3. ПОСТАПУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКИОТ СУД ВО СЛУЧАИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ПО ПОДНЕСЕН ПРЕДЛОГ ЗА ЗАШТИТА*

Законот за семејството[2] го дефинира семејното насилство во чл. 94-б. Повредата на наведената норма кон лицата кои во неа се наведени (жртви) е санкционирана со чл. 94-е (ПМЗ).

Заштитата од дејствата што претставуваат насилно поведение се остварува преку:

---

[2] „Службен весник на РМ“, бр. 157/08 – пречистен текст).

- Овластен државен орган ЦСР (во согласност со жртвата);
- Личен пристап на жртвата пред судот.



### *5.3.1 Фази*

Надлежните органи ја прибираат и ја документираат пријавата поради поведување на соодветна постапка со предлог.

Предлогот за заштита од семејно насилство што се поднесува пред граѓанскиот суд треба да ги содржи доказите за насилството и задолжителна согласност на жртвата (ако постапката се води преку ЦСР).

Имајќи го предвид исклучително краткиот рок за постапување и спроведување на постапката од страна на судот (чл. 279-в), што во оваа постапка постапува како судија-поединец, од суштествено значење е предлогот со опишаното дејство да ги содржи сите потребни докази и потребата од заштита со предлог на мерките чиешто изрекување се бара.

Тоа значи дека пред поднесување на предлогот надлежниот управен орган во рамките на своите овластувања ги документира дејствата поради коишто се бара заштита.

Во документирањето (прибирањето докази) постапуваат во корелација овластените органи на МВР и ЦСР со вклучување на жртвата и сторителот. При ова, во зависност од стореното дејство, се вклучуваат и стручни лица и установи (вешти лица – психичко заболување, алкохолизам или слично), односно според видот на насилството, што може да биде економско, физичко, психичко или сексуално.

Поднесениот предлог во судот, кога ги содржи потребните докази, претставува основа за донесување решение што ќе овозможи заштита во семејството.

**Предлогот** (што ги содржи и мерките чиешто изрекување се бара) треба да одговара на содржината на дејството поради коешто се бара заштита.

**Доказите** – аналогни на дејството и можноста да се даде соодветна заштита.

**Изречената мерка** (или мерки) треба да претставува санкција за стореното и со својата содржина да доведе до нејзино почитување, што претпоставува да биде соодветна и на личноста на сторителот.

**Видови мерки** – таксативно се наведени до т. 10 во чл. 94-е. Во точката 11 од истиот член е предвидена можност судот да изрече која било друга мерка што ја смета за неопходна за да се обезбедат сигурност и добросостојба на другите членови во семејството.

**Цел на мерките** – сигурност и заштита, помош за надминување на последиците, создавање услови за реинтеграција во социјалната средина, а притоа, покрај жртвата, да се обезбедат услови за сигурност и на другите членови во семејството.

**Решение на судот** – мерки што се изрекуваат на сторителот, траење на мерките, што ги спроведува, жалбата не го задржува извршувањето на решението, правна поука за рок за жалба.

ПРИМЕР – ФОРМА НА РЕШЕНИЕ (изрека)

Р.

СЕ УСВОЈУВА предлогот ------------------

На противникот ----------------, сторител на семејно насилство, му се изрекуваат мерки за заштита и тоа

- МУ СЕ ЗАБРАНУВА--------------------
- СЕ ЗАДОЛЖУВА -----------------------
- СЕ ОТСТРАНУВА ----------------------
- МУ СЕ НАРЕДУВА---------------------

Привремените мерки се со траење од (3 м. – 1 г.)
Жалбата не го задржува извршувањето на решението

Успешното спроведување на изречените мерки и нивното доследно почитување овозможуваат потполна заштита на семејството и овозможуваат стореното да остане во доменот на граѓанско-правната заштита, доколку повредата не задира и во доменот на противправното однесување што иницира поведување и на кривична постапка.

Почитувањето на изречените мерки (што се констатира со следење од надлежниот орган, доколку е овластен предлагач), од една страна, упатува на заклучок за сознанието на сторителот за стореното дејство што се дефинира како насилно и поради тоа е санкционирано, а, од друга страна, упатува на тоа дека мерките ја исполниле целта поради којашто биле изречени.

## ПРИМЕРИ (што би биле од помош во практичното постапување)

**Случај – Пример 1**

Сторител на насилство е син, односно брат. Жртви на насилството се мајка, односно сестра.

Начинот на којшто е сторено насилството е физички напад (со употреба на сила, тупаници и шлаканици).

Докази во поткрепа на стореното насилство се пријавите од жртвите, извештајот на МЦСР, медицинската документација, претходни кривични пријави, земена изјава од сторителот од надлежниот орган.

Во постапка е сослушан сторителот кој во целост го признал насилството.

Утврдено е дека таквото однесување претставува насилство што е спротивно од чл. 98 од Законот за семејство (што бил во примена во време на одлучувањето), а санкционирано во чл. 99. Притоа, изречени се привремените мерки за заштита:

- Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство над членовите во семејството, жртвите мајка и сестра;
- Забрана да ги малтретира и вознемирува и да телефонира;
- Му се наредува да посетува советувалиште.

Привремените мерки изречени во траење од една година, со тоа што од алинеја 1 и 2 да ги спроведе МВР – СВР Скопје, а под алинеја 3 Министерство за здравство, преку надлежна установа.

Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

Констатирано е повлекување на предлогот за изрекување мерка забрана да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното

место и отстранување од домот до донесување на конечна одлука за сопственоста, со оглед на тоа дека мајката жртва ја повлекла конечната одлука за сопственоста, а со тоа и согласноста за изрекување на таква мерка.

По одреден временски период поднесено е барање за измена на донесеното решение со дополнување со мерките отстранување на сторителот од домот и забрана да се приближува до живеалиштето на жртвите на оддалеченост од сто метри.

Донесено е ново решение со предложените мерки, бидејќи сторителот, и покрај претходнодонесените привремени мерки во периодот на нивното траење, повторно прибегнал кон насилно однесување.

**Случај – Пример 2**

Сторителот на насилство е сопругот. Насилството е сторено во заедничкиот дом, каде што живееле како закупувачи, а сопствениот стан го издавале под закуп.

Жртва на насилство е брачната другарка.

Начинот на којшто е сторено насилството е физички напад, со нанесување телесна повреда. Сторено е во присуство на едно од децата.

Доказите на коишто е заснован предлогот се преземените дејства од управниот орган врз основа на пријавата на жртвата и тоа извештај, мислење на стручниот тим, медицинска документација (хоспитализирана во надлежна установа).

Изречена е мерка отстранување од заедничкиот дом (станот во сосопственост) во траење од една година (сопственоста не е од значење), односно заштитата од семејното насилство е од примарно значење.

Привремената мерка е определено да ја спроведе МВР – СВР Скопје, во присуство на овластено лице од МЦСР.

Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

Постапката е водена во временски период кога овластен предлагач бил МЦСР, чиешто постапување е условено со согласност на жртвата.

**Случај – Пример 3**

Сторителот на насилството е брат кон жртвата сестра, со која продолжиле да живеат во семејната куќа по смртта на родителите. Сестрата е лице со тежок физички недостаток (потполно неподвижно лице кое е зависно од постојана туѓа нега и помош од ангажирано трето лице).

Начин на сторување на насилството е со закана и навреда сторени во алкохолизирана состојба. Закана дека ќе ѝ забрани посети на пријатели, ќе ја затвори влезната врата за нив и за лицето ангажирано за задоволување на нејзините секојдневни егзистенцијални потреби и ќе ја испрати во дом.

Докази – известувања од СОС-линијата, барања и од соседи до СОС-линијата за заштита на жртвата. Во постапката е сослушан сторителот.

Изречени се мерките за забрана да се заканува, забрана да ја малтретира и вознемирува и забрана да ја посетува на горниот кат од семејната куќа.

Траењето на мерките е определено на шест месеци.

Наведените примери се однесуваат на постапките поведени врз основа на предлози од МЦРС, со согласност на жртвата на семејно насилство.

Со измените на Законот (член 94-д) предвидена е можност жртвата самостојно, непосредно да поднесе предлог до надлежниот суд.

Притоа, со оглед на потребата од брзо и ефикасно постапување за обезбедување на заштитата во рамките на предвидените рокови потребна е и стручна помош, а тоа е адвокатурата.

**Случај – Пример 4**

Сторител е брачен другар. Физичко насилство сторено во семејната куќа. Престанокот на работниот однос на двајцата довело до влошување на економската состојба што ги нарушила и меѓусебните односи.

Сторителот е задолжен со забрана да се заканува, да ја малтретира и вознемирува брачната другарка и да ѝ плаќа месечна издршка ----- ден. во траење од три месеци.

**Случај – Пример 5**

Сторено е семејно насилство од ќерката кон својата мајка во домот на мајката, каде што живееле заедно со синот, забранувајќи ѝ секакво движење на мајката во сопствениот стан со физички напади, а со цел станбено да се обезбеди на начин што жртвата да ѝ го препише станот.

Изречени се повеќе привремени мерки, помеѓу коишто и отстранување од домот на ул.----, забрана на приближување ----- во траење од три месеци.

Постапување

Член 94-е

- Предлог-мерка за забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство.

**Докази – покрај изјавата на жртвата, изјава на сведок пред кој е упатена заканата или предлог за негово сослушување со обезбедување присуство на рочиштето или ако е во писмена форма со достава на писмениот доказ, доколку е сторена во присуство на децата ако се работи за брачни или вонбрачни другари нивна изјава за да се одбегне нивно повикување во судот... Притоа, доколку е подносител ЦСР и доказите наведени во чл. 94-ѓ.**

- Предлог-мерка за забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин да комуницира со член на семејството, директно или индиректно.

**Докази – погоренаведените, како и податоци од служба за евиденција за телефонски повици – листинг и сл.**

- Предлог-мерка за забрана да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место што редовно го посетува друг член на семејството.

**Докази – претходнонаведените, како и докази со коишто се утврдува однесувањето на сторителот на наведените места и потребата од спречување на тие дејства.**

- Предлог-мерка за одредување на отстранување од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од надлежниот.

**Оваа мерка по својата јачина и по своите последици предизвикува целосни промени во секојдневниот живот на сторителот, но нужноста од нејзиното изрекување лежи во степенот на загрозување на сигурноста на членовите во семејството и треба да се изрече во времетраење што по оценка на судот ќе овозможи ефективно остварување на целта на мерката.**

- Предлог-мерка за забрана да поседува огнено или друго оружје или тоа да му биде одземено.

**Докази – потврда од надлежен орган, доколку е издадена, или изјава од сторителот дека поседува оружје, од сведок дека сторителот се заканил со оружјето што непосредно и сведокот го забележал.**

- Предлог-мерка со задолжение да ги врати предметите што се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството.

**Докази – покрај горенаведените докази, евентуално записник, потврди за редовно школување, ако има и деца на кои им е потребен школски прибор и друго што се оставени во домот, а семејството е згрижено.**

- Предлог-мерка за задолжително издржување.

**Докази – податоци за приходи, имот...**

- Предлог-мерка за посетување на соодветно советувалиште.

**Докази – горенаведените и евентуално медицинска документација или вештачење.**

- Предлог-мерка за наредување на задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанции или има некое заболување.

**Докази – покрај наведените и медицинска документација што постои.**

- Предлог-мерка за задолжување да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство.

**Докази – сметки за надоместоци од извршени здравствени услуги, за лекарско уверение.**

Успешното постапување на судијата, кој по прием на предметот веднаш пристапува кон процесуирање со наредба за обезбедување на лична достава на поканите за рочиште до жртвата, надлежниот орган и сторителот, како и другите потребни субјекти, директно зависи од наводите во предлогот и доказите приложени кон него и со тоа навремено завршување на постапката. Наведеното упатува на заклучок дека сите органи што се вклучени во постапувањето со својата работа и преземените активности пред поднесување на предлогот заеднички овозможуваат брза и ефикасна заштита.

Заради остварување на законски предвидената заштита, потребно е континуирано продолжување на кампањите што досега оствариле голема улога во спознавањето на можностите за заштита, како и промоции на реализирана заштита во семејствата кои ќе ги охрабрат жртвите навремено да ја побараат заштитата, а со тоа и да се спречи ризикот од одржување на нестабилна семејна состојба и последиците од тоа што се рефлектираат врз сите членови во семејството и насоките за нивното однесување во иднина. Ова е потребно во условите на создадената можност со Законот за самостојно истакнување предлог за заштита од страна на жртва. Притоа, од значење е фактот дека доколку сама тоа не е во состојба да го оствари странката – жртвата може да побара и остварување на заштитата преку правото на бесплатна правна помош.

## 5.4. ПОСТАПУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ПО КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ ЗА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган што ги гони сторителите на кривични дела. Ваквото основно право и ваквата должност на јавниот обвинител се определени во Законот за јавно обвинителство, но и во Законот за кривична постапка.

**Во рамките на овие законски овластувања Јавниот обвинител има обврска да постапува по поднесените кривични пријави, како од државните институции, така и од физички лица. Одредбата од чл. 144 од ЗКП ги регулира можните начини на коишто постапува јавниот обвинител.**

### *Видови и начини на постапување*

Имено, согласно чл. 144 ст. 1 од ЗКП, Јавниот обвинител може веднаш, по приемот на кривичната пријава, да донесе решение со коешто ќе ја отфрли пријавата:

- ако од пријавата произлегува дека пријавеното дело не е кривично дело за коешто се гони по службена должност;
- ако настапи застареност или делото е опфатено со амнестија или помилување;
- ако постојат други околности што го исклучуваат гонењето;
- ако не постојат основи на сомнение дека пријавениот го сторил кривичното дело.

За отфрлање на кривичната пријава јавниот обвинител му доставува на оштетениот примерок од решението, со поука дека има право во рок од осум дена од приемот да го преземе кривичното гонење, а подносителот на пријавата да го извести за причините на отфрлање.

**Во ситуација кога јавниот обвинител не може од кривичната пријава да оцени дали се веродостојни наводите во пријавата или ако податоците од пријавата не даваат доволно основи да може да одлучи дали ќе бара спроведување постапка, јавниот обвинител, ако не е во можност тоа да го преземе сам или преку државните органи, ќе бара од МВР да соберат потребни известувања и да преземат други мерки што ќе помогнат во понатамошното постапување.**

**Законот за кривична постапка ја предвидува и ја регулира можноста јавниот обвинител да го повика подносителот на кривичната пријава, како и осомничениот во присуство на неговиот бранител и други лица за чиишто сознанија смета дека можат да придонесат за оцена на веродостојноста на наводите во пријавата. Записниците за прибавените известувања што се составени пред јавниот обвинител и што се потпишани од лицата кои ги дале овие известувања можат да се користат како доказ во кривичната постапка.**



Донесувањето решение со коешто јавниот обвинител може да ја отфрли поднесената кривична пријава е една можност на одлучување. Но, доколку поднесената кривична пријава содржи наводи и докази што укажуваат на постоење на основано сомнение дека некое лице сторило кривично дело, тогаш јавниот обвинител има на располагање повеќе опции што се во тесна врска со видот на кривичното дело, висината на заканувачката казна, расположливоста на докази, но и фактот дали се работи за кривични дела што се гонат по службена должност или кривични дела за коишто гонењето се презема по предлог од оштетената страна.

Во тој контекст, доколку станува збор за **кривични дела за коишто е заканувачка парична казна или казна затвор до три години, како највисока пропишана казна**, тогаш:

**I Јавниот обвинител, врз основа на чл. 145 од ЗКП, со согласност на оштетениот може да го одложи кривичното гонење, ако пријавениот е подготвен да се однесува според упатствата на Јавниот обвинител и да ги исполни определените обврски со коишто се намалуваат или се отстрануваат штетните последици на кривичното дело.**

**Такви обврски можат да бидат:**
**- отстранување или надоместување на штетата,**
**- плаќање на определен придонес во полза на буџетот на РМ или друга институција што врши јавни овластувања или во хуманитарни цели,**
**- исполнување на обврските во однос на издржувањето,**
**- доколку се исполнети условите за ослободување поради компензација на штетата определени со Кривичниот законик.**

**Ако сторителот во рок што не може да биде подолг од шест месеци ја исполни обврската, Јавниот обвинител ќе ја отфрли кривичната пријава**.

**II Јавниот обвинител, согласно чл. 417 ст. 2 од ЗКП, може да поднесе обвинителен предлог врз основа на кривичната пријава, доколку располага со доволно докази на коишто ќе го темели обвинението.**

**III Согласно чл. 418 од ЗКП, Јавниот обвинител може да му предложи на надлежниот истражен судија да преземе определени истражни дејства, па доколку судијата се согласи со тој предлог, ја спроведува постапката по предлогот за преземање на определени истражни дејства во што е можно пократок рок. Доколку судијата не се согласи со овој предлог, има обврска за тоа да го извести Јавниот обвинител.**

По завршување на оваа постапка, јавниот обвинител, по приемот на списите, може да **одлучи да поднесе обвинителен предлог или ќе донесе решение за отфрлање на кривичната пријава**.

**Согласно ЗКП и во оваа фаза на постапување Јавниот обвинител има право и можност да ги повика странките, со цел тие да се произнесат во поглед на примената на чл. 145 од ЗКП.**

**Доколку е пријавено кривично дело за коешто законодавецот предвидел казна затвор до пет години, во тој случај јавниот обвинител може да подигне обвинителен акт и без спроведување истрага ако собраните податоци што се однесуваат на кривичното дело и на сторителот даваат доволна основа за обвинување.**

**За кривични дела за коишто е пропишана казна затвор над пет години, јавниот обвинител поднесува барање за спроведување истрага до надлежен истражен судија, во коешто предлага кои истражни дејства треба да се преземат, а во насока на собирање на доволно материјални и вербални докази врз основа на коишто јавниот обвинител ќе донесе конечна одлука и во таа смисла.**

По спроведената истрага, по приемот на списите, на јавниот обвинител му стојат на располагање две можности – да подигне обвинителен акт против одредено лице или да донесе изјава за откажување од гонење доколку:

- делото што му се става на товар на обвинетиот не е кривично дело за коешто се гони по службена должност;
- постојат околности што ја исклучуваат кривичната одговорност на обвинетиот, а нема услови за примена на мерките за безбедност;
- настапила застареност на кривичното гонење или делото е опфатено со амнестија или помилување или ако постојат други околности што го исклучуваат гонењето; и

- нема докази дека обвинетиот сторил кривично дело.

Имајќи го предвид фактот дека законодавецот за одредени кривични дела предвидел можност гонењето да се презема врз основа на предлог, којшто, како и кривичната пријава, се поднесува до надлежен јавен обвинител, неопходно е да се потенцираат одредени моменти што го условуваат постапувањето во таков случај.

**Имено, согласно чл. 48 од ЗКП, предлогот треба да се поднесе во рок од три месеци од денот кога лицето овластено за поднесување на предлогот дознало за кривичното дело и за сторителот. Третман на предлог за гонење има и кривичната пријава поднесена од оштетен. Законот ја предвидел можноста и малолетник кој наполнил 16 години сам да поднесе предлог за гонење.**

**Правото да гони на оштетениот е негово исклучиво дискрециско право и тој со него располага за целото времетраење на постапката, што значи дека во секоја фаза од постапувањето, до завршување на главниот претрес, може да се откаже од предлогот за гонење, но во тој случај го губи правото повторно да поднесе предлог за конкретниот настан. Навремено поднесената приватна тужба ќе се смета како навремен поднесен предлог на оштетениот ако во текот на постапката се утврди дека се работи за кривично дело за коешто се гони по предлог.**

Ова се правните рамки во коишто е предвидено и условено постапувањето на јавниот обвинител, а коишто важат и во постапката по кривични дела сторени во рамките на семејно насилство, што со законските реформи во 2004 година за првпат е предвидено како посебен облик на противправно однесување. Специфично е тоа што законодавецот семејното насилство не го предвидел како посебна казнена одредба, туку таа е инкорпорирана како посебен облик на извршување на одредено криминогено дејство, но во состав на веќе дадениот опис, но и како посебен став во рамките на законската одредба. Со ова се изврши пополнување на постоечката празнина во

правното регулирање во однос на регулирањето на оваа специфична сфера, а тоа се семејните односи, што е резултат на прифаќањето и имплементирањето на повеќето конвенции и препораки од оваа област.

Во Кривичниот законик се предвидени повеќе појавни облици на семејно насилство, но точно е определен и кругот на лицата кои имаат учество во него, независно дали се јавуваат како негови директни извршители или како оштетени, односно жртви на семејното насилство. Ова е направено со цел да се олесни диференцирањето на секое поединечно преземено дејство, неговиот вид, неговиот карактер и неговиот интензитет, што е особено битно при одлучувањето по конкретна кривична пријава, бидејќи е неопходно да се утврди дали опишаното дејство во пријавата е суштествен елемент на битието на кривичното дело што го опфаќа семејното насилство, но и точно да се определи својството на извршителите на тие дејства и лицата кои нив ги трпат.

**Токму затоа, по приемот на поднесената кривична пријава, јавниот обвинител, откако ќе утврди навременост на предлогот за гонење, кај кривични дела кај коишто е предвидена таква можност или отсуство на релативна застареност на кривичното гонење кај кривични дела што се гонат по службена должност, согласно чл. 107 од КЗ, должен е да процени дали дејствата опишани во пријавата спаѓаат во групата дејства што можат да се оквалификуваат како семејно насилство.**

Притоа, евидентна е нивната поделба во три групи:

### *Физичко насилство*

- Удари, влечење за коса, горење, шлаканици, давење, боксирање, фрлање со предмети по жртвата, закана за физички повреди и друго.

### *Психолошко насилство*

- Контрола врз жртвата, контрола над нејзиното движење, барање за целосна послушност од жртвата, вербално агресивно однесување, однесување со понижување, љубомора, посесивност и друго.

### *Сексуално насилство*

- Присилба на сексуален однос или обид за присилба.

Семејното насилство се одвива меѓу точно одреден круг лица, што може да биде тесен:

- Меѓу брачни другари кои живеат или живееле заедно во брачна или вонбрачна заедница или во кој било вид заедница како семејство или ако имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи;
- Над дете.



Но, и во проширен круг:

- Над постари членови на семејството кои живеат во иста семејна заедница;
- Меѓу браќа и сестри, полубраќа и полусестри; и
- Над лица, членови на семејството, чијашто деловна способност е делумно или целосно одземена.

**Физичкото насилство** како облик на семејно насилство е појавна форма на извршување на кривични дела што се предвидени во главата 14 од КЗ, што се однесува на кривични дела против животот и телото:

- Кривично дело убиство, чл. 123 ст. 1 т. 2;
- Кривично дело телесна повреда, чл. 130 ст. 2 (за коешто гонењето се презема по предлог на жртвата);
- Кривично дело тешка телесна повреда, чл. 131 ст. 2 од КЗ.

**При одлучувањето за овие кривични дела јавниот обвинител мора да има на располагање не само вербални докази – исказ на жртва или искази на други сведоци, туку мора да има и материјални докази од коишто со сигурност ќе се утврди причинско-последичната поврзаност меѓу дејствата преземени од сторителот и директната последица предизвикана од нив – смрт, телесно или тешко телесно повредување, при што неопходно е изготвување вештачење од коешто ќе се утврдат видот и карактерот на повредата, начинот и средството со коешто таа е нанесена. Не е доволно да се располага само со одредена медицинска документација што содржи нецелосни податоци во поглед на повредата што жртвата ја здобила, бидејќи честопати точното утврдување на нејзиниот вид влијае и на правилната примена на материјалното право, но и на соодветното санкционирање.**

**Психолошкото насилство** е можен облик на извршување кај кривичните дела во главата 15 од КЗ, што се против слободите и правата на човекот и граѓанинот:

- Кривично дело присилба, чл. 139 ст. 2;
- Кривично дело противправно лишување од слобода, чл. 140 ст. 2;
- Кривично дело загрозување на сигурноста, чл. 144 ст. 2.

Заедничко за сите нив е воспоставувањето на психолошка надмоќ на сторителот над жртвата, при што конкретното дејство на употреба на сила поради присилба некој нешто да стори или да трпи, затворањето или на друг начин ограничување на слободата на движење на жртвата, е проследено со упатување на сериозни закани кон жртвата, како по нејзиниот живот или нејзиното тело, така и по животот или телото на нему блиско лице. На тој начин се создава однос на зависност на жртвата од моменталното расположение на сторителот, континуиран страв од реализација од упатените закани, при што се создава една сложена психотична состојба што несомнено остава печат врз психичкото здравје на жртвата. Овде последиците не се видливи, но тоа не значи дека не постојат. Честопати тие се многу пострашни, токму поради разорното дејство што го имаат врз емотивното здравје на жртвата, што води кон еден затворен круг. Жртвата е сè понемоќна и побеспомошна, а се јакне положбата на сторителот. Тие состојби на ментално повредување неретко траат подолг временски период, а се исфрлаат на површина преку одредени инцидентни ситуации.

**Токму затоа, вниманието кај овие кривични дела треба да биде фокусирано врз утврдување на нарушувањето на психичка рамнотежа, што е резултат на сторено семејно насилство, а чиишто вид и степен можат и треба да се утврдат врз основа на соодветно невропсихијатриско вештачење. Во овој контекст, можеби е потребно да се спомене и потребата од вакво вештачење и кога станува збор за кривично дело Телесна повреда, по чл. 130 ст. 2 од КЗ, коешто кривично дело, иако е во друга глава од кривичниот законик, сепак во својот опис го опфаќа не само телесното повредување, туку и нарушувањето на здравјето што може да биде резултат на континуирано изложување на психичко малтретирање што предизвикало и конкретни физички и здравствени последици.**

Третиот вид на семејно насилство е **сексуалното насилство**, што е предвидено во главата 19 од КЗ во групата на кривични дела против

половата слобода и половиот морал, иако експлицитно не е издвоено како посебен облик на извршување, ниту, пак, е издвоено како посебен став во рамките на законските одредби од оваа глава.

**И овде би се потенцирале потребата и правилото од изготвување на соодветно вештачење со коешто неоспорно ќе се утврди полово насилство. Ова често е проследено со психичко насилство, бидејќи контролата што ја воспоставува сторителот над жртвата ја опфаќа и контролата над нејзината полова слобода, а притоа битен сегмент во одредени ситуации е употребата на физичка сила. Сите овие моменти упатуваат на заклучокот дека станува збор за еден комплексен процес на којшто треба многу внимателно да му се пристапи и да се реагира на соодветен начин, особено имајќи ја предвид природата на овие кривични дела и најчесто затвореноста на жртвата при обидот да се изврши дескрипција на конкретниот кривично-правен настан и влијанието на околината.**

### *Постапување со жртви на семејно насилство*

При постапување со жртвите треба да се биде крајно претпазлив и да се преземаат мерки што имаат за цел помош и негова заштита, при што треба да се избегнат штетните последици како за нивната личност, така и за нивниот развој.

Во овој процес значајна улога имаат и лицата вработени во МЦСР, кои се неопходен дел од целокупниот процес на постапување по овие кривични дела, бидејќи тие имаат можност преку непосреден контакт со жртвите, увид во нивните домови и мерките што ги преземаат да понудат многу значајни податоци што ќе бидат и водечки параметри во постапувањето и создавањето на вистинска, реална слика за едно конкретно насилство. Треба да се нагласи нивната улога и во граѓанските постапки во коишто можат да дадат предлог да се донесе решение со коешто ќе се определат времени мерки за заштита од семејно насилство, одлуки што јавниот обвинител може да ги користи и ги користи во поткрепа на тврдењата за сторено семејно насилство. Ова и од аспект на побивање на најчестите тврдења на одбраната дека

станува збор за изолиран инцидент на којшто не може да му се даде третман на семејно насилство.

**Многу често жртви на семејното насилство се децата, било како негови директни, но и индиректни сведоци. Заради тоа, неопходно е во постапките во коишто жртва е малолетник да учествуваат и нив да ги водат судии, јавни обвинители и службени лица од МВР кои имаат соодветно знаење и соодветно искуство од областа на правата за детето и кривично-правната заштита на малолетниците.**

**Работата со категоријата на малолетни жртви мора да биде насочена кон најмало можно изложување на жртвата во текот на постапката, на што упатуваат и одредбите од Законот за малолетничка правда, согласно коишто малолетна жртва може да биде сослушана како сведок само ако:**

**- тоа не влијае на неговиот психички и физички развој;**
**- најмногу двапати;**
**- по исклучок третпат, ако тоа го бараат посебните околности на предметот.**

**Неговото сослушување се врши во присуство на педагог, психолог или друго стручно лице, при што уште на првото сослушување тој мора да има и полномошник. Во случај да нема полномошник, него со решение го поставува претседателот на судот од редот на адвокати кои се стекнати со посебни знаења од областа на правата на детето и кривично-правната заштита на малолетните лица. Трошоците на застапувањето паѓаат на товар на судскиот буџет.**

Правото на посебна грижа и посебно внимание што треба да го манифестираат органите и субјектите кои учествуваат во кривичната постапка, како и правото на психолошка или друга стручна помош, се предвидени и како посебни права на жртвата во ЗКП („Службен весник на РМ“, бр. 150/10 од 18.10.2010 година), што влезе во сила на 26.11.2010 година, а ќе се применува од 25.11.2012 година.

## *5.5. КРИВИЧНО-ПРАВНА ЗАШТИТА НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО СУДСКА ПОСТАПКА*

Целта на казнено-правната заштита е санкционирање на насилното однесување во рамките на семејството, односно со законските одредби и општествената осуда на насилниците да им се стави на знаење дека нивните постапки се недопуштени, за насилството нема оправдување и насилството е недозволено поведение и како такво е казниво.

Најчести жртви на семејното насилство се жените и децата, но многу често како жртви се јавуваат и останатите членови на семејството или заедничкото домаќинство.

Заштитата од семејното насилство може да биде ефикасна само доколку постојат сеопфатни законски мерки во доменот на кривично-правната и граѓанско-правната законска заштита на сите жртви на семејното насилство.

### *5.5.1 Карактеристики на Кривичниот законик во однос на кривичните дела извршени со семејно насилство*

Главна карактеристика на казнено-правниот систем е построгата казнена политика во однос на семејното насилство. Таа се манифестира со пропишаните построги казни за кривичните дела што се сторени при вршење на семејно насилство и гонењето на овие кривични дела е по службена должност, т.е. од страна на Јавниот обвинител.



Отстапување од построгото санкционирање на кривичните дела што го регулираат семејното насилство постои само во ситуација кога жртвата на семејното насилство ќе го повреди насилникот, односно ќе посегне по неговиот живот. Кога ваквите дела се сторени како последица на семејното насилство, сторителите на овие кривични дела (жртвите на семејното насилство) се подложни на поблаго санкционирање за разлика од основното дело (чл. 125 од КЗ, чл. 131 ст. 6 од КЗ).

Како што е веќе наспоменато во делот на ОЈО, извршители на кривичните дела од областа на семејното насилство можат да бидат брачни другари, родители и деца или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и од поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.

Дејството на нивното извршување може да биде грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со коешто се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, кон претходнонаведените лица.

Тие се извршуваат со умисла.

Доколку отсуствува еден од претходнонаведените елементи, нема да се работи за кривични дела од областа на семејното насилство.

**Прибирањето на доказите во врска со извршеното семејно насилство почнува уште во текот на преткривичната постапка во којашто МВР е должно да ги преземе сите потребни мерки и да ги прибере сите докази за расветлување на кривично-правниот настан во којшто е извршено семејното насилство – да изврши увид на самото место, веднаш да состави записник за увид на самото место со впишување на целокупната состојба што ќе се констатира на местото на настанот привремено да ги одземе сите предмети што можат да послужат како доказ пред судот за утврдување на начинот на извршување на кривичното дело и сторителот по потреба да ја упати жртвата на семејното насилство да биде извршен преглед над неа од страна на надлежна здравствена институција и да прибави писмен доказ со констатирани повреди над жртвата, да изготви албум со фотографии од самото место и да ги прибере сите други докази што се од релевантно значење за успешно спроведување на кривичната постапка.**

**Според месната надлежност во преткривичната постапка, ЦСР е должен да ги повика насилникот и жртвата и да разговара со нив, да ги преземе сите мерки потребни за заштита на жртвата и престанување на насилството, а воедно и да изготви извештај и анамнеза од стручниот тим за извршеното насилство.**

### *5.5.2 Постапување на судот по кривичните предмети од областа на семејното насилство*

**Изведувањето и оценката на доказите се во надлежност на судот на главен претрес. Битни докази се сите оние докази што придонесуваат на директен или индиректен начин да се утврдат фактите за постоењето на кривичното дело и неговиот сторител.**

**Според казненото право на РМ, кривичниот прогон за сите кривични дела од областа на семејното насилство се преземаат по службена должност, т.е. од страна на Јавниот обвинител како овластен тужител, со исклучок за кривичното дело Телесна повреда, од чл. 130 ст. 2 од КЗ, каде што кривичниот прогон се презема по службена должност, но со претходна согласност – предлог на жртвата на семејното насилство.**

**Судијата поединец или претседателот на советот по добивање на обвинителниот предлог или обвинителниот акт, со доказите приложени кон него, должен е да закаже главен претрес во рок од 30 дена, на којшто ги повикува обвинетиот, неговиот бранител, оштетениот (доколку е малолетен и неговиот законски застапник), сведоците, вештаците и други лица кои се предложени од страна на тужителот во обвинението.**

**Со оглед на итниот карактер на постапување по овој вид на кривични предмети, судот е должен по оценка на целокупниот доказен материјал по потреба да закаже и повеќе главни претреси за коишто уште со првата покана обвинетиот и неговиот бранител и овластениот тужител ќе бидат известени, а воедно доколку има предложено повеќе сведоци судот да го утврди и терминот кога ќе врши нивен распит, а сè со цел постапката да се води итно и ефикасно.**

### *5.5.3 Главен претрес – начин и специфичности на водење на главниот претрес*

Процесното и казненото право на РМ немаат инструменти за избегнувањето на повторната виктимизација на жртвата на семејното насилство, со оглед на тоа согласно одредбите од Законот за кривична постапка сите докази за постоење на одредено кривично дело и за определен извршител да се изведуваат на главен претрес, што значи жртвата на семејното насилство од страна на судот мора да биде повикана и да даде свој исказ на главен претрес, во присуство на обвинетиот, што придонесува за повторна виктимизација на жртвата на семејното насилство.

**Исклучок на ова правило постои доколку е спроведено истражно дејство – распит на оштетената (жртвата на семејното насилство) страна за кривично дело за коешто е предвидена скратена постапка или, пак, таа е распитана во истрага за кривични дела за коишто се води редовна постапка, во којшто случај судот може да го прочита исказот на оштетената страна, а по добиена согласност од обвинетиот, неговиот бранител и Јавниот обвинител.**

Особено треба да се наспомене дека распитот на жртвата на семејното насилство треба да биде сеопфатен, а по однос на утврдување на сите релевантни факти за кривично-правниот настан и неговата динамиката, сè со цел да не се дозволи да се пројави потреба за нејзин повторен распит во понатамошниот тек на постапката, бидејќи на тој начин со повеќекратно испрашување имаме виктимизација на жртвата.

**Судијата е должен во зависност од видот на кривичното дело да ја провери и психофизичката состојба на оштетената жртва на семејното насилство, за што ќе прибави информации од страна на Центарот за социјални грижи, а по потреба и мислење од лекар. Во ситуации кога жртвата на семејното насилство не е во добра психофизичка состојба поради страв или веќе настапени конкретни последици, за што постои соодветно известување од страна на надлежна здравствена установа, распитот на жртвата може да го изврши без присуство на останатите учесници во постапката на начин што распитот ќе го вршат само судијата поединец или кривичниот совет, а којшто распит ќе биде аудиовизуелно снимен, по што тој ќе биде изведен на главен претрес, а претходно судијата ќе побара од страна на странките во постапката да достават прашања во писмена форма што ќе ѝ бидат поставувани на жртвата од страна на судот. Исто така, постои можност доколку жртвата не може да даде исказ пред сторителот, т.е. обвинетиот, судот да го отстрани обвинетиот од главен претрес за време на распитот на оштетената, а по завршување на распитот и нејзино отстранување од судницата повторно ќе го доведе обвинетиот и ќе го прочита исказот на оштетената, по што му е дадено правото на обвинетиот да се произнесе по ваквата изјава.**

Во текот на постапката се projавуваат потреби и од изготвување на вешти наоди и мислења во врска со утврдување на причинско-последичната врска или, пак, изготвување на невропсихијатриски извештаи како за сторителот, така и за оштетениот, поради што судот е потребно тоа да го нареди и да бара од страна на надлежната институција ваквиот вешт наод и ваквото мислење да ги изготват во најкраток можен рок, имајќи ја, притоа, предвид природата на кривичното дело, а воедно доколку оштетената страна бара и надомест на штета во оваа постапка поради ефикасност и економичност на постапката, судот, доколку врши невропсихијатриско вештачење на жртвата, потребно е да побара вештите лица да изготват вешт наод и вешто мислење и во овој сегмент, а со цел во целост да се постапи по барањата на странките и да се овозможи заштита на жртвата и по завршување на кривичната постапка.

### *5.5.4 Изрекување на кривични санкции и казнена политика на судовите*

По однос на кривичните дела од областа на семејното насилство, за коешто е предвидена казна затвор над 3 (три) години, може да се каже дека судовите во најголем број случаи се одлучуваат за ефективни казни затвор и ги изрекуваат, меѓутоа ваквата практика на судовите не се однесува за кривичните дела за коишто е предвидена казна затвор до три години, каде што судот најчесто се одлучува да изрече алтернативна мерка – условна осуда. Целта на условната осуда како алтернативна мерка е кон кривично одговорен сторител од доменот на семејното насилство да не се примени казна за полесни дела кога тоа не е нужно поради кривично-правна заштита и кога може да се очекува дека целта на казнувањето на насилникот може да се оствари со предупредување, со закана за казна или со мерки на помош и надзор на однесувањето на насилникот на слобода.

Потребно е да се истакне дека во досегашната судска пракса се нема сретнато случај каде што судот при изрекување на алтернативна мерка – условна осуда – неа ја изрекува со заштитен надзор (чл. 55 и чл. 56 од КЗ). Имено, заштитен надзор судот определува кога ќе утврди дека условната осуда нема доволно да влијае врз обвинетиот за тој повеќе

да не врши кривични дела, а околностите врзани со личноста на обвинетиот или средината во којашто живее го прават оправдано очекувањето дека целта на условната осуда ќе се постигне ако се определат и мерки на помош, грижа, надзор или заштита. Траењето на заштитниот надзор судот го одредува на определено време во текот на времето за проверување.

Судот на сторителот при изрекувањето на условната осуда со заштитен надзор може да му наложи една или повеќе обврски:

- Прифаќање вработување што одговара на способностите и наклонетостите на осудениот;
- Извршување обврски за издржување на семејството;
- Оспособување, остручување или преквалификување за да може осудениот да го задржи работното место или да бидат создадени претпоставки за вработување;
- Посетување програма за работа со осуденици за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство;
- Овозможување увид и совети во врска со распоредување и трошење на средствата од плата и други приходи што ги остварува;
- Непосетување на одредени видови локали или други места каде што се точат алкохолни пијалаци или каде што се игра на среќа;
- Забрана на употреба на алкохолни пијалаци, дроги и други психотропни супстанции;
- Користење на слободното време според оцена на социјалниот орган;
- Одбегнување и недружење со лица кои негативно влијаат врз осудениот;
- Подложување на лекување или социјална рехабилитација во соодветни специјализирани установи.

**Судот може да изрече една или повеќе од горенаведените обврски, а при изборот на видот на обврската треба, пред сè, да ги земе предвид личноста на обвинетиот, неговата здравствена состојба, психичката состојба, возраста, материјалните и семејните услови, околностите под коишто е извршено кривичното дело, поведението на сторителот по извршеното кривично дело, побудите од коишто тоа е извршено и другите околности врзани со личноста на обвинетиот, што се од значење при изборот на видот на обврската, а притоа водејќи сметка да не се повреди човековото достоинство, ниту, пак, да се предизвика непотребна тешкотија во неговото превоспитување.**

За време додека трае условното одлагање на извршувањето на утврдената казна, судот може по предлог на социјалниот орган или на осуденото лице да ја замени одредената обврска со друга или, пак, да ја укине.

Помош, грижа, надзор и заштита во исполнување на обврската од страна на осудениот вршат социјалниот орган и соодветното советувалиште, коишто се должни со практични совети да го поттикнуваат и да му помагаат на осудениот да ја исполни обврската што ја определил судот, да го сфати значењето на условната осуда со заштитен надзор за да се исполнат нејзините цели и повремено да го известува судот за состојбата во исполнувањето на одредената обврска.

**Доколку осудениот не ги исполни одредените обврски, судот може да го опомене на исполнување или неа да ја замени со друга. Ако осудениот и понатаму не ја исполнува одредената обврска, судот може во рамките на времето за проверување да го продолжи траењето на заштитниот надзор или да ја отповика условната осуда. Доколку по правосилноста на одлуката со којашто е одреден заштитен надзор помине повеќе од 6 (шест) месеци, а надзорот не почнал, судот повторно ќе одлучи за потребата од неговото извршување.**

## 6. Наместо заклучок

Веруваме дека секоја индивидуа, секој професионалец, не можат да останат рамнодушни на агресијата и насилството што се случуваат насекаде околу нас. Тоа е една од причините поради којашто секој од нас мора да презема мерки на одговорност и да придонесе кон создавањето систем на заштита и превенција од насилство.

Преку овој Практикум, што е наменет за професионалните структури што го третираат проблемот со семејното насилство, сакаме да им порачаме дека од нив и нивното професионално постапување во голема мера зависи можноста за навремена заштита на жртвите и спречување на насилството.

Индивидуалниот пристап овозможува помош и поддршка во моментот кога таа им е најпотребна на жртвите, додека координираниот, мултидисциплинарен пристап овозможува негово правилно разбирање и креирање, но и унапредување на политиките за намалување и спречување на насилството.

Се надеваме дека овој Практикум во голема мера ќе им помогне на сите оние што во текот на својата работа се соочуваат со проблемот на семејното насилство.

# 7. Корисни информации

- Контакт-телефони на **Центрите за социјална работа:**

| *Реден број* | *Центар за социјална работа* | *Телефон* |
|---|---|---|
| 1. | ЦСР Берово | 033 470-641 / 033 471-072 |
| 2. | ЦСР Битола | 047 231-641 |
| 3. | ЦСР Македонски Брод | 045 271-137 / 045 274-138 |
| 4. | ЦСР Валандово | 034 382-670 |
| 5. | ЦСР Виница | 033 361-305 / 033 360-305 |
| 6. | ЦСР Гевгелија | 034 213-797 |
| 7. | ЦСР Гостивар | 042 217-645 / 042 213-431 |
| 8. | ЦСР Дебар | 046 831-400 |
| 9. | ЦСР Делчево | 033 411-736 / 033 410-300 |
| 10. | ЦСР Демир Хисар | 047 276-751 / 047 277-751 |
| 11. | ЦСР Кавадарци | 043 414-456 |
| 12. | ЦСР Кичево | 045 220-661 / 045 225-326 |
| 13. | ЦСР Кочани | 033 274-139 / 033 274-141 |
| 14. | ЦСР Кратово | 031 481-228 |
| 15. | ЦСР Крива Паланка | 031 372-245 / 031 375-200 |
| 16. | ЦСР Крушево | 048 476-866 |
| 17. | ЦСР Куманово | 031 438-160 |
| 18. | ЦСР Неготино | 043 361-488 / 043 363-788 / 043 365-238 |
| 19. | ЦСР Охрид | 046 260-707 |
| 20. | ЦСР Прилеп | 048 424-595 / 048 421-702 |
| 21. | ЦСР Пробиштип | 032 483-127 |
| 22. | ЦСР Радовиш | 032 635-601 / 032 431-065 |
| 23. | ЦСР Ресен | 047 452-552 / 047 451-419 / 047 451-775 |
| 24. | ЦСР Свети Николе | 032 443-305 / 032 444-456 |
| 25. | ЦСР Скопје | 02 3297-700 / 02 3297-703 |
| 26. | ЦСР Струга | 046 786-976 / 046 783-401 |
| 27. | ЦСР Струмица | 034 325-401 |
| 28. | ЦСР Тетово | 044 339-060 |
| 29. | ЦСР Велес | 043 231-355 / 043 231-426 |
| 30. | ЦСР Штип | 032 385-031 |

- Телефонот на **Министерството за внатрешни работи е: 192.**
- Телефоните на **Националната СОС-линија се: 15 700 и 15 315.**

## Анекс 1

## Листа за процена на ризик[3]

**(и идентификување дека лицето е жртва)**

| Целта на овие прашања е процена поради обезбедување заштита на жртвите | ДА | НЕ | Не знам | Извор на информацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1. Дали инцидентот резултирал со повреда? (Наведете дали е прва повреда или не?) | | | | |
| 2. Дали сте многу исплашени? | | | | |
| 3. Од што најмногу се плашите? Дали е тоа уште една повреда или, пак, насилство (име на сторителот, дали и децата се повредени)? | | | | |
| 4. Дали се чувствувате изолирано од семејството/пријателите – ви забранува да се гледате со пријателите/родителите/лекари или други? | | | | |
| 5. Дали се чувствувате депримирани или, пак, имате самоубиствени нагони? | | | | |
| 6. Дали сте одвоени или се обидовте да се одвоите од сторителот? | | | | |
| 7. Дали има конфликт околу контактот со детето/децата? | | | | |
| 8. Дали постојано ве следи, пишува пораки, ве демне или ве вознемирува? (Објаснете дали ова се прави намерно за да ве заплашува?) | | | | |
| 9. Дали сте бремена или скоро породена? (Во периодот од последните 18 месеци.) | | | | |
| 10. Дали злоупотребувањето се случува често? | | | | |
| 11. Дали злоупотребувањето станува сѐ погрубо? | | | | |
| 12. Дали се обидува да контролира сѐ што правите или е љубоморен? (Во однос на врски, кого гледате, да ви кажува што да облечете.) | | | | |
| 13. Дали некогаш користел оружје или други предмети за да ве повреди? | | | | |
| 14. Дали некогаш ви се заканил дека ќе ве убие или ќе убие некој друг? Вас Детето Некој друг (специфицирајте) | | | | |

[3] Оваа Листа за процена е преземена од Британскиот модел за соработка на локално ниво – МАРАК-модел. Таа може да ви послужи при процесот на идентификација на жртвите на семејно насилство.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. Дали имало обид за давење/задушување? | | | | |
| 16. Дали ве навредува со изговарање на сексуални навреди и дали физички ве повредува? | | | | |
| 17. Дали постои друго лице кое ви се заканува и од кое се плашите? Ако е ДА, наведете кое? | | | | |
| 18. Дали имате информација дали сторителот повредил некој друг? Наведете кого: децата, други членови на семејството, некого од претходните врски итн.? | | | | |
| 19. Дали сте зависни од него финансиски? | | | | |
| 20. Дали има проблеми со дрога, алкохол, ментални проблеми што би го спречиле сторителот да води нормален живот? Ако одговорот е ДА, ве молиме специфицирајте<br><br>Дрога Алкохол Ментални проблеми | | | | |
| 21. Дали се заканувал или се обидел да изврши самоубиство? | | | | |
| 22. Дали го прекршил решението со кое му се забранува контакт со вас и со децата? | | | | |
| 23. Дали имал проблеми со полицијата или, пак, има криминално досие?<br><br>Семејно насилство<br>Сексуално насилство<br>Друг тип на криминални активности | | | | |
| Вкупен број одговори со – ДА | | | | |

**За професионалците**: Доколку има какви било релевантни информации од страна на жртвата, професионалецот кој работи на случајот може да даде свое мислење за зголемување на индикаторите за ризик ако, на пример, имаме: инвалидитет, ментални проблеми, културни и јазични бариери итн.

Дали сметате дека постојат ризици по децата во семејството?

ДА НЕ

Доколку е **да**, потврдете препраќање за да се обезбеди заштита на децата

Датум на препраќање на друга институција: ____________________

Потпис Датум:

Име

Наведете кратки податоци за сторителот: